Читајте нè и на интернет и таму сме бесплатни skopskoeho.mk КЛИКНИ!

МАКЕДОНСКО ЕХО

бр.32 — 4.04.2024

бесплатен неделник

ПЕНАЛ

МАКЕДОНСКИ АГРЕГАТОР НА СПОРТСКИ ВЕСТИ



www.penal.mk

ШТО СРАБОТИ СЕГАШНИОТ ПАРЛАМЕНТАРЕН СОСТАВ?

# Стискаа копчиња по нарачка на Владата и стискаа палци пак да се на листите за пратеници









## На Македонија и треба претседател кој е обединител, достоинствен пред странци...



## Македонија е поробена земја, а за тоа исклучиво се виновни македонските политичари



## Скопска атракција: И „вљубените“ избегаа од летниковецот - нужник



# Скопска атракција: И „вљубените“ избегаа од летниковецот - нужник



Главниот скопски плоштад „Македонија“ не е украс на градот. Напротив, а би требало да биде, оти така е во сите светски метрополи. Зошто со години е запуштен, нагрден овој централен дел од Скопје?

Приказната е долга и болна. На плоштадот во последните 2 децении „вежбаа“ визија неколку градоначалници и архитекти. Кој што му текна изгради – догради, се тргнуваше мегаломански – не баш плански, а потоа, сето тоа не се завршуваше ниту се одржуваше започнатото.

Сето ова може да се види и од само едно мало делче од плоштадот. Ѓубре, траги од фекалии, празен постамент, валканици... сето ова го „украсува“ барокниот летниковец на централниот скопски плоштад. Така е и сега, така е и со години откако е направен како дел од проектот „Скопје 2014“. Објект за којшто тогаш беа потрошени 350.000 евра потоа беше препуштен на негрижата, слично како и другите споменици и објекти направени во рамките на овој проект.

Летниковецот го стегна скопскиот мраз или поточно кажано скопската институционална негрижа. Затоа, стиснат меѓу недоизградената Градска куќа и хотелот, тој почна да им служи на граѓаните и како нужник.

Плус, минатата година од постаментот исчезна и бронзената склуптура „Вљубени“. Се уште не се знае дали таа е намерно тргната за да се сочува или е украдена, или пак „вљубените“ побегнале од смрдеата.

До кога сето тоа нема да се поправи?

Кога се градеше летниковецот најавите беа дека тој ќе служи како место за фотографирање на младите брачни двојки кои ќе склучуваат бракови во блиската Градска куќа.

Ниту куќата се направи, ниту летниковецот се одржува... Е, да, фотографирања има, ама за да се покаже несериозноста на скопските институции.

# Се проверува ли добро колку опасни пестициди се користат во земјоделието?



Пестициди коишто не би смееле повеќе да се употребуваат и натаму се користат меѓу македонските земјоделци. Вакво сознание произлезе деновиве откако беше обелоденето дека Хрватска од своја граница вратила четири пратки со зеленчук од Македонија.

При контролата на хрватските органи било утврдено дека во мешаната салата, морковот и пиперките има големи остатоци на повеќе пестициди, меѓу кои и на многу штетниот хлорпирифос кој е пронајден дури во 13 пратки.

Зеленчукот бил уништен, но она што уследи како сознание е дека во Македонија се уште се користи најспорниот пестицид хлорпирифос кој во ЕУ е забранет од април 2020 година. Овој пестицид е забранет од причина што студиите покажале дека може да влијае врз невролошкиот развој на децата. Конкретно, врз пореметување во развојот на мозокот, хиперактивност како и стопирање во развојот на растот, намалена концентрација и интелегенција...

Како можело и по четири години од забраната во ЕУ, тој пестицид се уште да се користи по македонските ниви? Откако еден пестицид ќе се забрани се дава 18 месечен рок за да се продадат и потрошат залихите, што значи дека тој рок одамна е истечен.

Ова надлежните мора да го добро проверат, проконтролираат и да се стави крај на ваквата пракса.

Воедно мора добро да се провери што македонските граѓани јадат и што им се сервира на пазарите и во маркетите.

Од Агенцијата за храна и ветеринарство деновиве убедуваат дека се вршат контроли и дека сега ќе бидат интензивирани кон овој пестицид. Добро. Но, зошто успеало да биде неприметено дека големи количини на „контаминирана“ храна се упатила на пазарите?

HALKBANK
>ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

**КАКОВ ШЕФ НА ДРЖАВАТА ПОСАКУВААТ ГРАЃАНИТЕ**

# На Македонија и треба претседател кој е обединител, достоинствен пред странци...

**Претседателот треба да е личност која ќе обединува и ќе се залага за доброто на народот, со почит кон меѓународната заедница, но со цврст став и во интерес на нашиот народ, мудро и интелигентно, вели Гордана Тодоровска**



За неколку недели Македонија треба да добие нов претседател кој ќе носи важни одлуки за државата во наредниве години. За тоа место претендираат 7 кандидати, кои ги поминале филтите на партиите. Но каков е филтерот на македонскиот граѓанин кој треба да гласа на изборите? Се разбира, гласачите својата доверба ќе ја дадат на оние чиишто карактеристики најмногу се вклопуваат во нивните размислувања за тоа какви особини треба да има претседател на држава.

-Треба да е самостоен и успешен во работата која ја вршел претходно, а мора да има достоинство, ова е најкраткиот сублимат на она што граѓаните (кои ги анкетиравме) го посакуваат како квалитет што треба да го има претседателот на Македонија.

Граѓаните укажуваат каков профил на личност треба да застане на чело на државата – чесен, докажан во струката, принципиелен, кој знае да обединува, достоинствен, кој секогаш прво предвид ги зема потребите на народот, кој не слугува на партиите, кој знае да каже и „не" на странци кога треба...

## Од идниот претседател се очекува...

За Македонија да има успешен претседател, граѓаните сметаат дека треба да се избере лице кое е:

- **Обединител на населението**
- **Достоинствен пред странци**
- **Не е послушник на Владата и партијата**
- **Уважува мислење на мнозинството**
- **Не толерира криминал**

-Претседателот треба да е изградена личност со искуство во политиката, економијата, меѓународните односи, омилена кај народот, личност со интегритет и цврст став, кој не се плаши да си го каже ставот. Треба да е и патриот кој ќе ги почитува и останатите етникуми, да гради соживот. Тој треба да е личност која ќе обединува и ќе се залага за доброто на народот, со почит кон меѓународната заедница, но со цврст став и во интерес на нашиот народ, мудро и интелигентно. Кон Владата треба да е непопустлив ако таа прави погрешни потези. И, да не толерира мафијашко однесување и неразумност, вели Гордана Тодоровска.



Во изминативе години Македонија поминуваше низ тешки фази во кои и беа нанесени силни удари. На повидок се слични ситуации во кои идниот претседател треба многу поосмислено да реагира на странски барања и уценувања. Тие предизвици бараат обединетост на сите сили во македонското општество, но и решителност и цврстина на шефот на државата пред наметнатите проблеми. До сега пречесто наместо обединување и достоинство гледавме поделби, а се водеше и политика на попуштање, на прифаќање на недостоинствени барања на странци.



**ГОРДАНА ТОДОРОВСКА: Кон Владата треба да е непопустлив ако таа прави погрешни потези. И да не толерира мафијашко однесување и неразумност**

-Ако само малку повеќе се почитува ставот на мнозинството од народот, секој од предложените кандидати би бил добар претседател. Но, дали сите се подготвени да го прашаат народот е дилемата, ни прокоментира друг соговорник.

**МИОДРАГ ЦРНИЧИН: Претседател би требало да обединува, не треба да е попустлив кон барањата на меѓународната заедница**

Достоинство и принципиелен однос од идниот шеф на државата очекува Миодраг Црничин.

-Претседател би требало да обединува. Не треба да е попустлив кон барањата на меѓународната заедница. Меѓутоа, повеќето политички партии се фатени и окупирани од странските финансиски моќници кои форсираат свои интерес, а со македонските интереси се пазарат и плаќаат туѓи сметки. Претседателот треба да ги следи одлуките на Владата. Но, има право да кажува свое мислење и да не отстапува од него Ако до толку е доблесен и не сака да трпи лоши одлуки нека поднесе оставка, смета овој граѓанин.

Кој од кандидатите за шефот на државата ќе се вклопи во овие и слични очекувања на граѓаните ќе покажат изборите. Само треба пред гласањето добро да се размисли.

## ШТО СРАБОТИ СЕГАШНИОТ ПАРЛАМЕНТАРЕН СОСТАВ?

# Стискаа копчиња по нарачка на Владата и сти

**Овој состав ќе се памети по носењето закони за потребите на поединци и како послушни слуги на Владата, вели Весна Николоска**





Дојде време пратениците да почнат да се делат од удобните собраниски фотелји. Да, тие официјално не се распуштени и се уште остануваат во активно заседание, сепак може да се каже дека четиригодишниот мандат им заврши. По што ќе бидат запаметени од народот кој дебело ги плаќаше?

Отчет на пратениците за тоа што сработиле од 2020 година до сега - јавноста се уште не виде. Пратениците не го дадоа, партиите го ставаат по страна и сега даваат нови ветувања. Но, јавноста и граѓаните и без поднесен отчет веќе имаат своја слика за она што правел овој состав на македонскиот парламент и како бил воден од мнозинството создадено од ДУИ и СДСМ.

-Освен законот за забрана на пластични кеси (друго прашање е како тој се применува) јас не можам да се сетам на ниту еден друг закон кој бил во интерес на граѓаните.



**ТАНЧЕ ТАНУШЕВСКИ: Прекумерната употреба на „европско знаменце" служеше за исполнување на интересите на тесен круг на луѓе**

## Штанцаа закони со „европско знаменце"

**Многу од законите и одлуките беа изгласувани експресно, по брзи постапки што ги овозможуваше прикачување на „европското знаменце". Анализите покажуваат дека таква постапка неоправдано била применета при носењето на девет закони во Собранието – на Кривичниот законик, законот за Академија за судии и јавни обвинители и петте закони за изградба на коридорите на „Бехтел и Енка"... Односно, дека од 166 закони поднесени во Собранието во 2023 година дури 130 биле по скратена постапка, 35 биле со „европско знаменце", а само 23 се разгледувале во редовна постапка. На злоупотребата на ваквите постапки реагираше и Европската комисија, ама...**

Мислам дека овој состав ќе се памети по носењето закони за потребите на поединци и како послушни слуги на Владата, ни вели граѓанката Весна Николоска.

Тешка оценка дава и друга наша сограѓанка посочувајќи дека одамна е лошо во Собранието.

- Истите луѓе 30 години без работен стаж на друго место живеат од парите на народот и тоа без срам, кога се работи за нивни интереси. Единствени се кога земат патни трошоци, покачување на плати. Тогаш не се гледа кој е од која партија, а во парламент никаде ги нема, многумина од нив не сме ги ни виделе како изгледаат, вели Благица Рафеска.

### НЕ СИ КРАТЕА ОД ПРИХОДИТЕ

Најголемите забелешки се дека тенкото и нестабилно парламентарно мнозинство, кои се движеше од почетните 62 пратеника па до 65 при крајот од мандатот, било во функција на свое окрупнување, ако и на спроведување на желбите на Владата. Така беше со разгледувањето на „францускиот предлог" за деблокирање на нашите преговори со ЕУ, со иницијативата за уставни промени кои беа централни теми во текот на овој мандат. Се памети и тоа дека без обиди да се направи договор и компромиси со опозицијата во парламентот се туркаше контроверзната концепција за основното образование која предизвика бројни отпори во образовните и други кругови во Македонија. На тој начин, без поширокo договарање, се туркаше и пакетот на законите за изградба на автопатските коридори во земјава со кои се нарушија правата на работниците и кои повлекуваат огромни трошења на пари од државниот буџет.

-Имаа тесно мнозинство, ама широко ја заграбаа власта во парламентот и не слушаа никого и не прифаќаа ништо што не доаѓа од нивните редови. Но и опозицијата беше понекогаш салонска, вели Здравко.

Овој парламентарен состав ќе се памети и по тоа дека одбија да ги намалат патните трошоци кои им следуваат за доаѓање на седници. Не им беше прифатливо наместо 20 проценти да земаат само 5 отсто од цената на горивото по изминат километар кога доаѓаат со сопствено возило. Па некои пратеници земаат и по 12.000-13.000 евра годишно за патни трошоци... Одбија да го укинат или да го сменат правото на апанажа по престанокот на функцијата. Без многу дилеми го прифатија покачувањето на своите плати од 78 проценти и со што



**ВЕСНА НИКОЛОВСКА: Освен законот за забрана на пластични кеси не можам да се сетам на ниту еден друг закон кој бил во интерес на граѓаните**

# скаа палци пак да се на листите за пратеници





**Имаа тесно мнозинство, ама широко ја заграбаа власта во парламентот и не слушаа никого и не прифаќаа ништо што не доаѓа од нивните редови. Но, и опозицијата беше понекогаш салонска, вели Здравко**

пратеничките плати се зголемија на преку 120.000 денари...

- Владеачкото мнозинство во парламентот под превезот на патот кон ЕУ и нивната безидејност во решавање на проблемите на народот се насочи кон криминал, корупција, непотизам, партиски вработувања и остварување на лични интереси и лично богатење во ситуација кога најголем дел од луѓето едвај преживуваат, смета Оливера Трифуновска.

### НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПРАТЕНИЦИ

Го донесоа и новиот собраниски Деловник со кој се укина институтот „филибастеринг". Се скрати можноста за блокирање на постапка за носење на одредени закони преку многу амандмани или долги дискусии. Така опозицијата имаше можност да наметне на власта некогаш да мора да се преговара и да се прифати мислење на оние кои не се мнозинство. Но, голем број од пратениците од власта и од опозицијата се договорија од следниот собраниски состав сите расправи и носењето на законите да завршува во рок од пет дена. Колку е тоа демократски, колку во иднина ќе мотивира некои пратеници да поднесуваат амандмани за подобрување на предлозите, не е тешко да се заклучи.



**СУЗАНА КРСТЕВСКА: Мала земја сме, навистина нема потреба од 120 пратеника**

-Ќе се паметат по политики кои се на штета на македонските граѓани и огромно осиромашување, криминали, и погрешни политики. Прекумерната употреба на „европско знаменце" само го потврдува тоа и служеше, за исполнување на интересите на тесен круг на луѓе, наведува Танче Танушевски.

По сето ова, по ваквите „резултати", во пресрет на претстојните избори се јавија предлози и најави дека бројот на пратениците во Собранието треба да се намали од 120 на 90. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ побара поддршка за ваква нивна идеја која ќе значи и поевтин парламент. За граѓаните тоа е прифатливо.

-Мала земја сме, навистина нема потреба од 120 пратеника, 90 се сосема доволно. Помалку трошок ќе има, смета Сузана Крстевска.

- Ја поддржувам идејата за 90 пратеници. Со оглед на нивната неефикасност би имало помала штета не само од аспект на помали трошоци. Ќе има помал број на злоупотреби, зашто освен товарењето на сопствените каравани и менувањето на закони да си ја спасат сопствената криминална кожа штитејќи се едни со други, друго и не видовме, не само во последниов собраниски состав, смета Весна Николовска.



**БЛАГИЦА РАФЕСКА: Кога би работеле барем нешто нема да ми е важно дали се 90 или 120 пратеници**

Благица Рафеска, пак, додава:

-Кога би работеле барем нешто нема да ми е важно дали се 90 или 120 пратеници. Сите досега наназад, без оглед на партиска припадност, го лажеа и продолжуваат да го лажат народот.

Инаку, да потсетиме, намалување на бројот на парламентарците во 2016 година ветуваше и СДСМ. Може сега ќе го реактивираат предлогот?

Што друго ќе кажат граѓаните и како ќе ја оценат работата на парламентот најдобро ќе се види на изборите. Многумина од сегашните пратеници пак се на листите, но кои повторно ќе успеат да седнат во фотељите ќе видиме по гласањето. Зависи што претходно сработиле.

АГРО НОВА Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
Тел: +389 2 2535 510 Моб: +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

## „МАКЕДОНСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО ВИЕ СТЕ ФУНКЦИОНЕР?

ЦЕЛЕ АЛЕКСОВ

# Да сум премиер прво ќе ги реконструирам Македонските Железници

**Посебно внимание би посветил на хигиената во образовните, но и во другите државни институции**



За Целе Алексов од Велес, приоритет ако тој е премиер на Македонија е модернизација на железницата, но и подобрување на условите во образованието.

### 1. Модерна Железница и квалитетни пруги

На прво место - пристапување кон целосна реконструкција и модернизација на целата Македонска железница. Веднаш би направил план како да се направат промени, би нашол начин да се обезбедат финансиите за да на крај имаме добра сообраќајна артерија.

### 2. Подобро образование и подобра хигиена

Модернизација на образованието. Тоа е важно за иднината на нашите млади генерации и за иднината на државата. Внимание би посветил на хигиената во образовните, но и во другите државни институции. Во нив вработените треба да бидат професионализирани со школо, а не партиски војници.

### 3. Ново судство

Еден од приоритетите е и враќањето на довербата на граѓаните во судството. Би иницирал промени кои би воделе кон тоа да се добие комплетно ново судство бидејќи мислам дека тоа е најбрзиот начин да се делува и да се направат промените.

ДАНИЕЛ АВРАМОВ

# Во Карпош би вовел комунални редари и полицајци

**Би формирал независно тело од активисти и професионалци кои ќе бидат вклучени во изработката на ДУП-овите**



Кога Даниел Аврамов би бил во улога на градоначалник на скопската општина Карпош би вовел неколку промени.

### 1. Грижа за редот и безбедноста

Би вовел комунални редари и полицајци позорникари кои би се грижеле за редот и безбедноста на секоја населба. Мора да постојат служби кои ќе се грижат за заштита на урбаната опрема, зеленилото, хигиената, како и безбедноста на граѓаните, посебно во вечерните часови.

### 2. Стоп за непланската и неконтролирана урбанизација.

Би формирал независно тело од активисти и професионалци кои ќе бидат вклучени во изработката на ДУП-овите и планирањето на урбаниот развој на општината.

### 3. Ослободување на тротоарите од автомобилите

Во Карпош голем дел од тротоарите се окупирани од коли, при што во голема мера е загрозена безбедноста на пешаците. Овој проблем би го решил со зголемен број на паркинзи, и поголемо присуство на сообраќајната полиција.




total TV

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

**СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ**

**12 МЕСЕЦИ**

**ПО 1 ДЕН МЕС**

**+ ПИНК ПАКЕТ**

ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk

# ГРАЃАНИТЕ ДО ФУНКЦИОНЕРИТЕ



Во изминатиов викенд на улицата „Васко Карангелески" во Прилеп, имаше ваква глетка. Се претвориле локацијава во градска депонија? **Мира**




Старата чаршија во Скопје е запустена со лоша расклатена калдрма иако многу се фалеа во Чаир дека ќе ја направат прекрасна. **Азем**

следете не на **Facebook** Skopsko Eho



Во Аеродром не е чисто околу контејнерите, граѓаните неодговорни. Градоначалникот го гледа тоа? **Славица**



Улицата „Тодор Чопов" во населбата Триангла во Гази Баба како да е заборавена од сите. **Јанко**

**Почитувани читатели,**
Преку рубриката **„ФОТО ДОКАЗ"** можете да испратите пораки до македонските централни и локални власти за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на **e-mail: skopskoeho@yahoo.com**

Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на **„МАКЕДОНСКО ЕХО"** поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.


ПОВЕЌЕ ЗА ПОМАЛКУ
Избери пакет банкарски услуги по твоја мерка и заштеди на месечните трошоци
Комерцијална банка
ПОЛЕСНО Е ЗАЕДНО
kb.mk

ЉУПЧО КОЦАРЕВ

# Македонија е поробена земја, а за тоа исклучиво се виновни македонските политичари

**Има само една алтернатива: граѓаните да влезат во бескомпромисна борба за надминување на проблемите со партизираната држава и заробените институции, вели Коцарев**



Академикот и доскорешен претседател на МАНУ, Љупчо Коцарев, сака да живее во правна држава, во која ќе се почитува владеењето на правото и сите граѓани на Македонија ќе бидат еднакви пред законите...

**• Кога ќе кажете Македонија, кои мисли и слики прво Ви се појавуваат?**

-Македонското материјално, културно и духовно наследство. Заради ограничениот простор ќе спомнам дека композицијата „Оплакување Христово" во црквата „Св. Пантелејмон", инаку позната тема што се среќава во многу цркви, се разликува од другите фрески со истиот мотив според нагласеното истакнување на внатрешните чувства на изразот на лицата на прикажаните лица. Композицијата во Нерези се смета за предвесник на ренесансата во Италија, 150 години пред творештвото на Џото. Не треба да се заборават и делата на светите браќа Кирил и Методиј, Св. Климент, Чуповски, Мисирков, Конески и другите знајни и незнајни дејци, македонските народни песни и ора, македонските носии, македонските духовни храмови... листата е голема.

**• Кои се најкрупните 2-3 грешки кои се направија во Македонија во последните 30 години?**

-Материјалната деградација (неправедната приватизација и уништувањето на повеќето јавни институции во Македонија, вклучувајќи ги образовниот и здравствениот сектор) и културната и духовна деградација. Ако се земат предвид договорите со Грција и со Бугарија, Преговарачката рамка (официјален документ на ЕУ), неправедните пристапни преговори и непроменетиот, ненаучен пристап на Бугарија за непостоењето на македонскиот јазик, што, всушност, се потврди со Унилатералната изјава на Бугарија за непризнавањето на македонскиот јазик, поднесена до Советот на ЕУ, на 18 јули 2022 година, произлегува дека Владата, за да започнат пристапните проговори со ЕУ, веќе се согласила дека во Македонија не живеат и никогаш не живееле Македонци.

**• Граѓаните даваат и плаќаат даноци, но дали властите доволно и даваат на државата?**

-Не. Македонија е поробена земја: протекторат, вазал, банана-држава, неоколонијален феуд – изберете кој било од овие термини и нема да погрешите. А за тоа исклучиво се виновни македонските политичари, кои во минатите триесетина години, поддржувајќи лукративни, сервилни, недостоинствени форми на владеење, хм..., поточно, на дивеење, ја трансформираа Македонија од слободна земја во поробена земја, во која целосно се суспендираат македонскиот уставен поредок и правен систем.

**• Дали Вие доволно и дадовте на Македонија?**

-Не треба да се суди ниту за една личност, ниту за едно општество, ниту, пак, за една институција, по тоа што тие самите го кажуваат за себе (не значи документум приватум), туку по нивното дело (значи како аргументум публицум). Но сепак: бев научен секретар (јануари 2008 – декември 2011), потпретседател (Јануари 2012 – декември 2015) и претседател на МАНУ (јануари 2020 – декември 2023). По вокација сум просветен и научноистражувачки работник – работев на универзитетите: УКИМ во Скопје, Универзитетот Калифорнија во Беркли и Универзитетот Калифорнија во Сан Диего. Автор сум на над 200 научни студии во над 50 водечки светски списанија со фактор на влијание во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, општествените науки и во хуманистичките науки. Дел сум од водечките 2 проценти светски научници од сите научни области на сите времиња, согласно тимот на Универзитетот Станфорд во САД (од 2020 година до денес).

**• Со што најмногу се гордеете во нашата земја?**

-Освен со материјално, културно и духовно наследство на сите нејзини жители, се гордеам и со космополитизмот на Македонците – тој е иманентен на колективното битие на Македонците.

**• Во каква Македонија сакате да живеете?**

-Во предвечерјето на претстојниот циклус на избори, Македонија има само една алтернатива: граѓаните да влезат во бескомпромисна борба за надминување на проблемите со партизираната држава и заробените институции, со дивеењето, корупцијата, злоупотребите, непотизмот, со непочитувањето на државноста и суверенитетот. Сакам да живеам во правна држава, во која ќе се почитува владеењето на правото и сите граѓани на Македонија ќе бидат еднакви пред законите и ќе ги почитуваат и ќе се придржуваат кон законските прописи и норми. Сакам да живеам во држава во која приоритет на сите влади ќе биде обезбедување соживот и благосостојба на сите нејзини жители.

## Извршната власт да се изземе од јавните претпријатија

**• Што Ви недостасува а, што би одзеле од државата?**

-Потребни се сериозни заложби за поголеми издвојувања за наука – без наука Македонија нема да постигне економски раст и да обезбеди благосостојба за своите граѓани. Затоа, предлагам да се воведе Министерство за наука, иновации и технолошки развој, во чиј состав ќе влезат, освен постојниот Фонд за иновации и технолошки развој, и два новоформирани субјекти: Фонд за наука и Институт за вештачка интелигенција, при што двата фонда и институтот треба целосно да се департизираат. Што би одзел: слабеење на позициите на извршната власт и администрацијата, па затоа е потребно, да се намали бројот на ешалони на извршната власт, но и да се ограничи па дури и да се изземе извршната власт од раководење на јавните претпријатија, јавните установи и акционерските друштва во сопственост на државата (ЕМС, МЕПСО, Пошта и други).




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ



## По изборите сите ќе бидеме богати

-Повелете, што сакате...?

-Го сакаме она што го посакуваме наназад 30 години – подобар живот, поголеми плати и пензии, безбедност, помалку корупција...

-Па, нашата изборна програма токму тоа Ви го гарантира... само гласајте за нас и готова е работава – се што посакавте ќе добиете...

По се што видовме во предкампањата, вака изгледа „дијалогот" на граѓаните и на политичките партии. Инаку, овој „дијалог" е некако срочен во поразумни рамки, оти партиите сега ветуваат повеќе и од што бараат граѓаните на Македонија. На пример ни гарантираат дека економијата годишно ќе расте по стапката од 5,1 процент, дека во наредните четири одини просечната плата ќе достигне 1.100 евра, а минималната 600, дека минималната пензија ќе биде 20.000 денари, дека во земјоделството финансиска поддршка ќе изнесува 1,35 милијарди евра, дека за капиталните инвестиции ќе се потрошат 3,5 милијарди евра...

Едноставно, штом изборите ќе завршат, која и политичка групација да победи, во Македопнија ќе се случи пресврт, ќе настане благосостојба.

Секако, ако секој ден е 1-ви Април.

ПС. Се надеваме во кампањата ќе има повеќе реалност, повеќе темелни објаснувања од каде ќе се најдат пари и на пример да се објасни – ако се ветува дека лекарите ќе имаат европски плати – зошто до сега не им дадоа, а беа власт? И, не е лошо да се објасни – зошто старите ветувања не се исполнија.


ЕХО

**МАКЕДОНСКО ЕХО**
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692

**Редакција:**
главен и одговорен уредник:
**Антонио Спасов**
skopskoeho@yahoo.com

**Издавач:**
**ЕХО МЕДИА ГРУПА**
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08

Директор:
**Костадин Андоноски**

Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел.078/444-021

Тираж: 45.000 примероци
Испечатено на: 4.04.2024 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22


ВИЛДАН ДРПЉАНИН

# Дарувам крв бидејќи со тоа им се помага на луѓето кога најмногу им е потребно



**Секој од нас може да се најде во таква незавидна положба, кога јас би бил тој за кој е потребна одредена количина на крв би сакал да знам дека има доволно резерви, вели Дрпљанин**

Со крводарувањето започнал во неговата тогашна гимназија „Јосип Броз Тито" во Скопје каде имало акција за дарување на крв. Тој со своите 17,5 години решил да подари дел од себе за да спасува животи. Од тогаш - па до сега, кога веќе има 29 години, Вилдан Дрпљанин, секогаш кога може дарува крв. Кон крајот на минатата година тој доби и признание од Црвен крст на Македонија како млад крводарител кој 25 пати дарувал крв. Сега веќе е заведен кој до сега 26 пати бил крводарител. Инаку, Вилдан работи во УНХЦР, агенцијата на Обединетите нации за бегалци и по вокација е правник/адвокат.

-Од Скопје сум, градот на солидарноста, па оттука некако по дефиниција ми е природно да размислувам низ призма на заедништво и колку што е можна поголема подготвеност за кризни ситуации. Кога за првпат дарував крв тој чин не го размислував како нешто револуционерно или од особено значење затоа што бев подисплашен од се што слушнав пред дарувањето. Сепак, по првото дарување и деталното истражување коешто го направив претходно во однос на дарувањето, навистина се охрабрив и секој следен пат искуството беше полесно и поубаво, ни вели тој.

Вилдан ни кажува дека е значајно да се дарува крв бидејќи со само една дарувана кеса крв можете да спасите и до три или четири животи.

-Тоа е затоа што од една единица полна крв се прават повеќе производи. Оттука, природно е дека првата мотивација е хуманиот порив и желбата да имаме систем на залихи кој е подготвен да им помогне на луѓето во моменти кога тоа најмногу треба. Впрочем, секој од нас може да се најде во таква незавидна положба, кога јас би бил тој за кој е потребна одредена количина на крв би сакал да знам дека има доволно резерви, па затоа се обидувам на секои три месеци да придонесам кон овој фонд на резерви, потенцира овој крводарител.

Тој додава дека има многу дезинформации околу крводарувањето.

-Се сеќавам дека пред прв пат да дарувам крв, многумина со кои разговарав, ме советуваа да не го правам тоа затоа што е штетно. Најголем дел од „аргументите" беа дека можам да се онесвестам, дека крвта не се надокнадува така лесно по дарувањето и дури дека иглите предизвикуваат зависност од која понатаму нема враќање. По долго и макотрпно истражување, не можев да најдам ниту еден доказ што го поткрепуваше ова и се решив сепак да дарувам крв. Не сум сигурен од каде извираат овие вести и зошто најголем дел од луѓето ги сметаат за вистина, но можам да кажам дека лично дарувањето за мене има добро влијание врз здравјето и дека го намалува крвниот притисок, потенцира тој.



**ВИЛДАН ДРПЉАНИН: Лично, дарувањето за мене, има добро влијание врз здравјето**

Вилдан смета дека крводарувањето и натаму треба да се омасовува и да се подига свеста за крводарителството помеѓу популацијата.

- Сите имаме обврска и одговорност кон системите што ги градиме околу нас, доколку не сме во можност или не сакаме да даруваме крв, најмалку што можеме да направиме е да ја прошириме информацијата и да се обидеме да мотивираме луѓе да даруваат, затоа што на крајот на денот, сепак некој мора да го прави и тоа за да ги имаме потребните нивоа на резерви. Секако, неопходни се и системски мерки на поддршки, потенцира Вилдан.

### Ќе дарува крв додека може

**-Планирам да дарувам крв сè додека можам субјективно и објективно додека ми дозволуваат. Мислам дека лица над 64 години не можат да даруваат, но доколку бидам во мирна и релаксирана пензија, се надевам дека ќе можам да се вклучам како волонтер во системот на крводарителството, нагласува Вилдан.**


Здравјето пред сè
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
www.alkaloid.com.mk


31900 ден.
Vox IVA1-12IR
27900 ден.
33900 ден.
Vox IVA6-12JRPCW1
29900 ден.
49900 ден.
Vox IVA5-18JR
44900 ден.
53900 ден.
Mitsubishi
MSZ/MUZ HR35 VF
45900 ден.
BITEL
Повеќе информации на www.bitel.mk или 047/22-00-55

# Барем достоинствена одбрана на националните права...



Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ

Скопје - Македонија во мало расте во ширина и во висина несопирливо до задушување а партиите мислат единствено како да ја освојат власта. Тука живее мал, несреќен и преименуван народ. Пуши и старо и младо, а цигарите поскапеа. Не ги спречува ни страшната слика на црни белодробни крила. Кој ќе ги лекува? И специјализантите штрајкуваат со парола: „Ние сакаме да останеме, а тие не бркаат". И во „Ѓорче Петров" протестираат против страшната бетонизација. ССМ си го брани правото на „Работнички дом", високата зграда до Центар за култура и информации. Градоначалниците имаат само убави зборови за себе, но погледнете како изгледа во „Керамидница", „Чаир" е издвоена населба речиси без тревник, а и „Карпош" не е она што беше. Нешто „неприоритетно" се случува на „Аеродром." Жените протестираа за 8 март:„Дали сте среќни?" Најавуваат борба против дискриминација, која веројатно е ќе заврши како „нашата" борба против сите форми на насилство. Движењето „Наши", задоцнето но крена глас за еднакви права на родителите... Предизборната кампања почна порано, но така посакале. Партиите предлагаат свои кандидати, главно познати ликови со програми и платформи, бајати и неветувачки во основа држејќи се вообичаено за развој на економијата и за евроатлантските интеграции како единствен можен пат за опстанок.

Има различни мислења за начинот и средствата со кои би се остварила таа цел. Работите не се решаваат со подигнување на гласот туку од кандидатите (меѓу нив има и такви кои се огрешиле од етиката и законите на „македонската држава") се очекува решителност и посветеност во работата за општа добробит, секако со добро познавање на состојбите во земјата кои изобилуваат со тешки предизвици и конфликтни состојби. Скопје е град на казина и обложувалници, на хаос и загаденост, на се пораширеното осиромашување и апатија во народот. Ветија ама не изградија Луна парк, не ја обновија Универзална сала во која на времето гостуваше една Лори Андерсон. Тие,едноставно не се во приоритетните задачи на партиите чии униформирани кадри мислат само на личниот интерес поврзувајќи го бесрамно со државниот. Притоа, единствено се продлабочуваат поделбите и беззаконието. Зошто, впрочем ги смислија измените на Кривичниот закон (со противзаконска употреба на европско знаменце), го смислија несреќниот балансер и други закони на брза лента. Не може да ги избришат лошите дела или намери ниту со Бетовеновата „Ода на радоста."

Тие ги оштетуваа спомен-обележјата посветени на македонските бранители кои, заради етнички конципираната власт (без оглед на извршените злодела во 2001) до денес не ги добија заслужените права и признанија. Тие се дрзнаа да постават албанско знаме и на православен храм, како и на сите други јавни места и прослави.

Голема одговорност имаат судските и образовните институции, особено коалициските партнери на власта кои не се многу загрижени заради многу лошите состојби и тенденции во земјата, а за зацврстување на уставниот и унитарен поредок на државата. Скопје, како главен град делува со добри, како и со многу лоши примери на целата денешна територија и државно уредување во Македонија.

Еко агендата, е суштествено значење за нашето опстојување се појави и веднаш исчезна, како и да не постоила. Не се појавува лик од „европски формат" но барем да се погрижат за добробит во земјата и со достоинствена одбрана на националните права и интереси пред светот. Толку.

## ИН БОКС

# Сказна за претседател на сите граѓани...



ДЕМАГОШКИ СКАЗНИ. Утврдени се кандидатите за претседател на Државата, како и нивниот редослед. Редно е понешто да се напише и на оваа тема – претседател на Државата. Честопати може да се чуе мислењето дека претседателот на Државата треба да биде претседател на сите граѓани, без исклучок! Оваа може да го каже само безочен демагог или приучен човек, бидејќи секое општество, вклучувајќи го и македонското, о б ј е к т и в н о е поделено на повеќе слоеви и сфери, чии интереси (по правило!) се спротивставени, што значи неспоиви. Интересот на експлоататорот е да го зголемува профитот – со што помалку вложени средства/пари да оствари што е можно поголем профит. За разлика од него, експлоатитраниот сака да биде што е можно помалку експлоатиран, т.е. да биде повеќе платен. Како во исто време (кој било) тоа може да го оствари? Како може и едните и другите (истовремено) да бидат среќни и задоволни. Или, прозводителите на земјоделски производи сакаат да постигнат повисоки цени за нивните производи, додека откупувачите сакаат да ги купат по што е можно пониски цени. Како тоа, кој било, може да го оствари, сеедно што тоа не е во директен домен на претседателот? Едноставно, во поделено општество (класно, културно, духовно, етнички...) постојат нешта кои, колку некој и да сака, не можат да се спојат/задоволат. Затоа, постојат партии, како и нивни претседателски кандидати, кои треба да задоволат нечии точно определени интереси. Оттука, редно е секој кандидат да каже (без заобиколување) за интересите на кој социјален/класен слој од општеството ќе се залага, бидејќи сè друго е само празна сказна или демагогија.

П.С. Поттикнат токму од претходното, во 1999 година почнав да ги пишувам своите политички сказни, бидејќи цело време живееме во сказни, каква што е и оваа за претседател на сите граѓани.

**Љубомир Цуцуловски, 27 март. Фејсбук**






Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Власта да даде отчет, а не само нови (стари) ветувања!



**Никола ТАСЕВ**

Нормално е, во сите држави, политичарите пред избори да ветуваат. И во Македонија е така! Но во нормалните држави (со кои сакаме да се здружиме), нормално е избраните функционери да исполнат најголем дел од ветеното. А и пред секои нови избори да дадат отчет каде ги трошеле парите од претходниот мандат и зошто не реализирале нешто од ветеното. Кај нас пак, нормално е само да ветуваат, ветуваат, ветуваат... и нормално е, и без да се исполни најголем дел од ветеното и без да се даде отчет на трошењето, истите тие функционери да се впуштат во нова кампања. И пак со многу ветувања!

Ова македонска политичка „нормалност" мора да прекине! Доста е од таквите практики кои ја наполнија Македонија со поставени камен темелници, ама нема градби. Доста е од тоа преполните буџети, а да не се објасни каде отидоа парите.

Секој функционер од власта кој со нови ветувања, но и со злоупотреба на јавните ресурси ја покрива лошата реализацијата на старите ветувања, треба да биде казнет од гласачите. А и отчет на сработеното мора да има. Затоа, владините функционери пред да тргнат во новата кампања, мораше да излезат со извештаи за сработеното и да дадат детален опис на потрошеното. Затоа што тоа е нормално! Затоа што така треба да биде, оти тоа е одговорност при работењето.

Ама гледаме дека СДСМ и ДУИ си тераат по старо, по нивната логика ако за нешто си ветил, а не си реализирал, вети го истото повторно, само покачија сумата и викај на митинзи посилно. Гледам дека и кај програмата (од она што е достапно досега) многу не се помачиле. Впрочем програмата им е истата од пред 4 години, затоа што од неа најголем дел не реализираа. И замислете сега излегуваат министрите и велат: Даваме збор ова што го ветуваме ќе го реализираме. Што си мислат тие – дека имаме кратко паметење?

А и програмата повторно им е општа. Еве само еден пример околу реформата на образованието, каде што најавуваат "безбедни ученици и бесплатен оброк за секое дете". А каде е образованието во оваа реформа? Ние децата не ги испраќаме во училиште за да бидат тепани или за да се најадат, напротив ги испраќаме да учат. Или пак сметаат дека со крајно неуспешната и контрапродуктивната реформа на поранешната нивна министерка Царовска си ја завршиле работата? А токму за таа реформа се дигна целата фела од образованието и науката за да протестира и да им укажува колку е неуспешна и несоодветна и дека треба да се смени.

А и отчет не видовме!

Нека ја погледнат сопствената изборна програма од пред 4 години и нека потцртаат што реализирале, а и да објаснат зошто останатото не е реализирано. А во финансискиот отчет, со спецификации по ставки, нека објаснат за што се потрошени околу 20 милијарди евра колку што изнесуваа буџетите во минатите 4 години. Оти парите се потрошени, а реализирани проекти речиси да нема.

Еве нека излезат и нека покажат што покрупно е направено – изградено во Македонија во нивниот мандат.

А, да всушност имаат тие некаков си очет на партиската веб страница на СДСМ, каде што велат дека во нивниот мандат ги почнале преговорите со ЕУ. Класична лага! Секому му е јасно дека преговорите не се почнати, токму заради нивното слепо прифаќање на услови од Софија и Брисел, што не можеа да ги реализираат.

Вториот отчет им е дека ја намалиле невработеноста на 13 отсто. Ова е точно, но точно е дека во нивниот мандат тие го намалија и населението во Македонија. Цел еден град како Куманово се исели од државата. И како оди тоа: некој што бил вработен се отселил од Македонија со цело семејство, а на негово место се вработил некој што претходно бил невработен. Значи владата на СДСМ не создала услови за да се отворат нови работни места, туку „создала услови" работоспособните луѓе да се отселат и да творат и работат во други земји.

Созреано е времето на 8 мај граѓаните, гласачките ливчиња да ги претворат во црвени картони и да им ги поделат на сите функционери од власта, кои изминативе 4 години ја фаулираа Македонија. Нови играчи ќе знаат да дадат голови, за сите во земјата да почнеме да победуваме и во економијата и во образованието и во здравството...

## ИН БОКС

# Гнаси, психопати...



Деновиве редовно ми се појавуваа видеа на животни (воглавно мачиња), во моментите пред да паднат од некаде високо (тераса од зграда, кров од стадион) и на сите видеа животинките се спасени ОД ЛУЃЕ, кои ги организирано ги сочекуваат во раце

Тоа е некаде по светот.

Република нашата земја: Денес видов видео од Тетово, во кое бездомно куче е бутнато ОД ЛУЃЕ од некои од повисоките катови (7-8-9) на зграда во изградба. Не, не го изнесле, штом им пречело, туку ГО БУТКААТ од тераса!

А тоа, душа, мислело ова му е домче...

Што е уште пострашно, кучето не умира кога ќе падне на асфалтот, туку уште 20тина минути се мачи...

Монструми, гнаси, накази, психопати, идиоти...

**Дарија Андовска, 23 март, Фејсбук**








Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Предизборни етнички математики - постизборни разочарувања



Ивица **БОЦЕВСКИ**

Зошто ДУИ ја проширува својата коалиција со неалбански етнички партии? Али Ахмети е симболот на етничкиот триумфализам во Македонија. Тој грижливо си го негува имиџот на победник над Македонците и на воено поле во 2001 година, но и на зелената маса оттогаш, па досега. Актуелна Македонија на многу точки го носи жигот на Али Ахмети, од (не)функционалноста на политичкиот систем, преку неговиот проект за „лазечка федерализација" на два етникуми наместо изградба на граѓанска држава, па сѐ до изградбата на „парадржавата на ДУИ" внатре во институциите. Опеан во патриотски турбо-фолк, исцртан во националната иконографија и засилуван од политичката и медиумската машинерија на ДУИ, Али Ахмети е веќе прогласен за етнички херој и се бори да биде „татко на албанската нација во Македонија".

Е, сега, како и во секоја митологија има бројни пукнатини во гипсот на статуите на јунакот. Нема да навлегувам за контроверзите околу енверистичкото минато на Али Ахмети, учеството во радикалните групи, а и да ја оставам 2001 година за еден посебен текст. Аурата на „победник на зелена маса" на Ахмети произлегуваше од проценките на меѓународната заедница дека структурите околу некогашната УЧК имаат потенцијал за дестабилизација на земјата и оттука беше нивното инсистирање ДУИ да биде вклучен во власта. Теоријата е дека одговорноста го отапува радикализмот. Но, во изминативе години ДУИ толку го извитопери системот што денес во Македонија една од најдискриминираните слоеви на граѓанството се Албанците кои што не се членови на ДУИ. За нив нема пристап до државата. Покрај тоа, со двете децении власт си дојдоа и сите политички зла на заседнатата власт – корупција, злоупотреба на службената должност, непотизам, кронизам, соработка со матни криминални групи и така натаму. Во Македонија ДУИ стана симбол за корупција. Исто така, најголемата пукнатина на херојската статуа на Али Ахмети се случи кога опозициската ВМРО-ДПМНЕ ги обелодени скандалите поврзани со неговото најтесно семејство. Борба за етнички права никако не може да се спои со купување на најексклузивната недвижнина во Скопје.

Затоа сега Ахмети и исплашен. Се чини дека обединувањето на опозициските партии кај етничките Албанци дава една предизборна хемија која што го загрозува ДУИ. Од тие причини Ахмети веќе не бара гласови кај Албанците туку се отвара кон Турците, Ромите и Бошњаците, повторно преку етничкиот клуч затоа што тој е неспособен да игра граѓански. Нему тие му се потребни исто како и Албанците на Заев во 2016 година – како контингент на гласови кои што ќе го доведат на власт и ништо повеќе. Разочарувањето на неалбанските заедници од Ахмети и од ДУИ брзо ќе дојде, исто како што Албанците веќе не може да замислат свој глас за СДСМ. Паднаа маските дека Ахмети на овие избори се бори за правата на етничките Албанци ... Тој се бори само да го продолжи животот на „парадржавата на ДУИ" и нивниот коруптивен модел на владеење.

# 100 денари за заедничкиот фонд - Ако не помагаш не ги кочи



Заге **ФИЛИПОСКИ**

Кај Горан, "осигурачот" во канцеларија по повод роденденот му се наоѓаме тројца „претседатели" на куќен совет. Зет му го средил кровот да не протекува, го уредил паркот, се грижел за зградата од 15, Горан 24 станови, а мојата зграда е поголема има околу 200 луѓе. Се ангажираме затоа што сакаме достоен и пристоен дом. Пред 33 години имаше ред, сега живеењето е понесигурно, а скршениот прозорец на влезната вратата дава лоша порака.

Предизвиците на заедничко живеење се секаде исти. Закономерностите на големите бројки непогрешиво се повторуваат во секоја зедница на сопственици. Секогаш има двајца кои се „анти противни", кои ја кочат работата, двајца кои шираат лажни вести (оговараат), кои манипулираат, и кои бараат нешто поинакво од договореното, кои имаат специфични и проширени барања, не сакаат да издвојуваат ниту 100 денари во заедничкиот фонд, а сакаат да издаваат наредби, за некој нешто да направи. А кој е тој некој ако не ние самите?

Оваа закономерност се пресликува и во општеството. Секогаш кога сакаме да се здружиме за општо добро, секогаш има двајца кои се кочничари и кои се против и кои иако ништо корисно не придонесуваат се експерти за да ги саботираат способните. Тие се најгласни и секогаш зборуваат во име на некои други, во стилот "Се збори", "Не јас, ама другите" А другите? Тие вообичаено си молчат, не се мешаат! И што се случува? Тие што се најгласни иако помалубројни, некогаш и со нејасни можеби и сомнителни мотиви, или го наметнуваат своето мислење, или ги гушат иницијативите, едноставно ги спречуваат и ги бркаат способните да се отселат. Кој од нас има време да се занимава со малограѓанштини? Во муабетов од тројцата едниот веќе дигнал раце и зградата полека се запушта, Горан има поддршка од 51 отсто и ги игнорира контрашите, а кај мене дојде до застој, и не се откажуваме. Но не е тоа муабетот.

Муабетот е за општеството? Кому даваме доверба да се грижи за нашата „куќа"? Кој да го смени скршениот прозорец? Дали знаеме да ги разликуваме способните од неспособните? Дали го почитуваме и дали го поддржуваме тој што се разбира, тој што се вложува со знаење и искуство? Дали читаме помеѓу редови? Кому му ги довеурваме нашите заеднички собрани пари? Ако здушно се бориме и прашуваме каде се нашите 100 денари инвестирани за одржување на зградата дали прашуваме каде се 5 милијарди годишенбуџет? Дали ги избираме најдобрите или по линија на помал отпор дозволуваме најгласните или медиокритетите кои немаат идеја но се сѐ присутни да ни го диктираат секојдневието? Праксата и искуствата покажуваат дека препознавајќи и почитувајќи ги капацитетите на другите, поддршка за подобрите, вложување на малку од личното време и личен интегритет контра медиокритетите се единствениот излез што јас го гледам. А вие?

skopskoeho.mk кликни!
читајте не и на интернет и таму сме бесплатни



Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Скопје избегнува дискусии за јавниот транспорт



**Пеце ЛОЗАНОВ**

Изминатата деценија беше време на пропуштени можности за урбаниот јавен транспорт во Скопје. Ќе може ли да се смени состојбата со развој на патничкиот превоз? – Или само предизборните лаги и надежи ќе останат! Изминатите 10тина години урбаниот јавен транспорт во Скопје постои и се развива според принципот „завршија рутата и помини го денот, завршувајќи секоја годините со однапред испланирана загуба", времето изминато може да се нарече време на пропуштени можности. До кога ќе биде "не"одржлива „демодернизацијата" на јавниот сообраќај во нашата метропола?

Во овој временски период светот доживеа многу важни промени во погледите за тоа како треба да изгледаат транспортните системи на големите градови и во која насока треба да се развиваат, Скопје за жал, избегна такви дискусии. Авторите на сообраќајната политика ги игнорираат сегашните недостатоци и проблеми со тоа што создаваат идни многу поголеми проблеми за идните генерации и за нивните наследници. Прашања во овој момент не се поставуваат ниту имаме предложени решенија за проблемите, освен предизборно. – Предизборно имаме експерти и решенија за сите области особено за сообраќајната, каде ветуваат трамваи, тролејбуси, метро, а заклучокот е дека ке продолжат да ветуваат! Како резултат на тоа, се појавува маѓепсан круг на транспортни проблеми. Системот на јавниот транспорт се деградира, се повеќе луѓе се префрлаат на приватни возила или евтино такси (диви таксисти) со тоа сообраќајниот метеж расте, градските власти едноставно не се во состојба да ги решат проблемите со изградбата на соодветен и модерен јавен превоз со побрзо темпо. Како резултат на тоа, движењето низ градот станува непривлечно и неподносливо за секого, како за возачите така и за патниците на јавниот превоз, па дури и (иронично) за оние кои воопшто не излегуваат од дома, заради влошувањето на еколошката состојба. Многу светски метрополи се обидуваат да ги претворат возачите во патници, а со тоа и намалување на сообраќајните единици во сообраќајот, но не и нашиот главен град.

Стандардниот работен век на автобусите не надминува 10 години, а многу од дооденените денешни автобуси кои ги гледаме секојдневно се одамна истрошени и неатрактивни за патниците и не само за оние кои ги користат секојдневно. Ако не по возраст, тогаш со огромна километража.

Дали за Скопје е поисплатлив автобус кој носи помалку патници и опслужува три до четири пати помалку од ветуваните трамваи и тролејбуси, кој исто така е голем загадувач на воздухот? И тоа го потврдуваат многу градови во Европа и Северна Америка, кои во последниве години тргнаа кон модернизирање на урбаните транспортни системи. Во Скопје, за жал, не беше направен ни таков обид. Замижувајќи со нереагирање на проблемите во јавниот транспорт, и секојдневното влошување на сообраќајот би го нарекол „Надвор од видот, надвор од умот".

## ДА СИ ПРИПОМНИМЕ

# Македонска историја на која треба да се навраќаме

**Историја ни е преполна со збиднувања, настани... Често многу од нив се подзaборaваат во овие нови „модерни" времиња кога разни „експерти" не учат дека требало само напред да се гледа. Сепак, да си припомниме што се случувало деновиве пред години во Македонија:**

***4 април***



**1988 г.** Во Скопје почина Славјанка Влахчева, прва медицинска сестра во Македонија и основач на првото училиште за медицински сестри во Македонија. Родена е во Штип, во 1900 година.

***3 април***



**1945 г.** Во Скопје, со изведувањето на претставата "Платон Кречет" од драматургот Александар Корнејчук, во режија на Димитар Костаров, а во превод на Блаже Конески, почнал континуирано да работи Македонскиот народен театар.

***2 април***



**2016 г.** Починал академик Глигор Чемерски, сликар, графичар, мозаичар – член на Македонската академија на науките и уметностите и почесен член на Руската академија на уметностите. Роден е во Кавадарци на 9 март 1940 година.

***1 април***



**1920 г.** Во Крушево е роден Наум Наумовски – Борче, народен херој на Македонија. Починал во Скопје, на 28 септември 1960 година.



**2016 г.** На 84-годишна возраст во Женева умрел Владимир Ралев, еден од најголемите македонски бизнисмени во светот, филантроп, донатор и македонски патриот. Роден бил во 1934-та година во Гевгелија

***31 март***

**1945 г.** Президиумот на АСНОМ донесол Повелба за устројството на редовните народни судови на Федерална Македонија.



**1987 г.** Во Скопје починал прота-ставрофор Антим Поповски. Во НОВ на Македонија како свештеник извршувал многу одговорни задачи. Во 1943 година бил избран за прв архиерејски намесник на слободната територија, а директно учествувал и во донесувањето на одлуката за обновување на Охридската архиепископија и за организирање на Македонската православна црква. Роден бил во селото Слатино, охридско, во 1900 година.

ЉУПЧЕ СТАНКОВСКИ

# Мора да се разбие монополот на откупувачи на земјоделски производи, ако сакаме успешно земјоделие

**Треба да имаме разумен однос кон земјоделското производство. Не може да дозволуваме да имаме толку извори на топла вода во кочанско, а да немаме стакленици за производство на зеленчук, вели Станковски**



Со Љупче Станковски, земјоделец од велешко зборуваме за проблемите во македонското земјоделие и како тие да се надминат...

**• Како ја оценувате состојбата во македонското земјоделие, се чини со години владеат негативни трендови?**

-Моментната состојба е крајно незадоволителна. Сите сме сведоци дека со години се намалува производството на основните земјоделски култури, но и во сточарството. Се помалку имаме производство на зеленчук, на јаболки, тутун, грав, лук, на говедското месо... Нашите традиционални производи исчезнуваат, ја губат битката за опстанокот со конкуренцијата однадвор која, очигледно, добива поголеми стимули од матичните држави. Па, така, имаат и пониски цени од нашите и со што се повеќе се увезуваат тука, а нашето производство запира бидејќи не може да ја издржи трката со цените.

Како да заборавaме дека секоја земја мора да има силно сопствено производство на храна за да ги избегна сите ризици од нејзиниот недостиг во услови на војни, блокади, временски непогоди... Зарем ќе дозволиме, на пример, доколку пак се случи некоја светска криза со храна каква што беше со руско-украинската војна, да бидеме осудени да гладуваме оти немаме сопствено производство, а ќе нема од каде да се увезува? Зарем ова не е доволна причина за и тука да го сфатиме значењето на сопственото производство на храна, а за што во Македонија ги имаме сите предиспозиции?

**• Кои, според Вас, се причините зошто се дојде во ваква ситуација?**

-За ова најмногу се виновни нашите корумпирани политичари, кои се врзани со одредени бизнисмени. Зарем тие не можеа да видат дека ни се заканува ова намалување на земјоделското производство, дека остануваме без храна и дека наши стратешки култури исчезнуваат и дека тоа треба да се спречува? Можеа, но не сакаа. Полесно беше да се земат провизии од увозот на големи количества на храна и други работи, да се прави рекет на увозниците. Главен проблем е што тие наши политичари, кои често се менуваат, работат во свој личен интерес. Тие се оние кои некому му овозможуваат да има монопол во некој земјоделски сектор и кои профитираат од тоа. Значи, корупцијата е во основата на тоа што ни се намалува земјоделското производство. Така не се мисли за доброто на сопствената држава.

Од друга страна, треба да знаеме дека и ЕУ е најмногу заинтересирана за евтина работна рака во земјоделието и оттаму нема да направат ништо и да помогнат тој процес на миграции од нашите села да запре. Напротив, ќе се стимулира. Страшно е кога годишно од наша земја заминуваат по 7-8.000 млади луѓе во странство. Тоа е огромен потенцијал. Можете да замислите колку храна тие би можеле да произведуваат по нашите села? Земјоделието не се развива преку ноќ, потребни се години и години за да создадете добар производител на храна.

**• Какви промени се неопходни во сферата на земјоделието за пак да имаме соодветно производство на храна?**

-Прво, да се разбие монополот на откупувачи на земјоделски производи, а што сега постои во наша земја. На пазарот и во откупот треба да се вклучат и други откупувачи, па и од странство, за преку конкуренција да се постигне и реална цена којашто би му одговарала на земјоделецот. Вака, како што е сега, мала и тесна група на откупувачи прави се што сака. На пример, се договараат извесен период да нема откуп. Поради тој застој, земјоделските производи почнуваат да скапуваат оти имаат ограничен рок на траење, земјоделците стануваат исплашени за родот, цените драстично паѓаат и дури тогаш почнува откупот. Жртвата е земјоделецот. Тоа се случувало многу пати. На пазарот со јагнињата имате само еден откупувач, а порано имало 8 – 10 фирми.

Или, се бркаат откупувачите кои од соседните држави доаѓаат во Македонија да купат некој земјоделски производ на големо. Имало примери и физички закани, за да не се дозволи тие да понудат повисока цена, како што беше примерот со праските кога цената им падна драстично на само пет денари. Сето тоа е пак во договор со политичарите на кои им одговара да има само еден или двајца откупувачи оти со нив полесно ќе се договараш околу провизиите. Форсирањето на монополот мора да запре.

## Може да произведуваме храна доволно за наши потреби

**• Може ли Македонија да биде значаен извозник на храна и барем да ги задоволува сите свои витални потреби за храната?**

-Голем извозник на храната не би можеле да бидеме оти состојбата и структурата на нашето земјоделие е расцепкано по региони и по ситни парцели. Треба да го искористиме тоа што го имаме како потенцијал. Тоа не е малку. Значи, може да произведуваме храна доволно за наши потреби и со што ќе се осигураме од сите надворешни загрозувања. Имаме и сега шанса да ги искористиме потенцијали. Треба само да имаме разумен однос кон земјоделското производство. Не може да дозволуваме да имаме толку извори на топла вода во кочанско, а да немаме стакленици за производство на зеленчук. Ни требаат и реални цени за земјоделците, за нивно производство. Не добиваат објективна и заслужена цена, па се случува откупувачите да им ги намалуваат цените за износот на субвенциите кои им следуваат. Тогаш, залудно е и давањето на субвенциите кои се даваат со години.

АНГЕЛА ПРИЛЕПЧАНСКА

# Со многу труд стасав и до светски јуниорски натпревар во уметничко лизгање

**За време на сезоната имаме два тренинга на мраз секој ден, односно првиот започнува во 6.30, пред почетокот на часовите во училиште и факултет, и попладневни тренинзи после часовите, вели младата талентка**

Во светот на спортот се паметат оние кои освоиле медали, но се паметат и оние кои за првпат во некој спорт ја претставувале својата земја на значајни натпревари. Таков еден историски настап како прв претставник на Македонија во 2017 година имаше и младата лизгачка Ангела Прилепчанска на тогашниот светски јуниорски натпревар во уметничко лизгање што се одржуваше во Загреб, Хрватска. Сега дваесетгодишната Ангела тогаш имаше 13 години. Инаку, оваа студентка на ФИНКИ со лизгалките за првпат се сретнала на 4-годишна возраст кога мајка и ја носела на лизгалиштето под Кале заедно со сестра и. Потоа, продолжила да вежба на лизгалиштето во СЦ „Борис Трајковски".



-Сестра ми Деана тогаш прва почна интензивно да вежба во групата на тогашниот тренер Ксенија Јастшењски – Симиќ, која е основоположникот на уметничкото лизгање во Македонија. Тоа ме поттикна и мене да почнам да вежбам по што тренерот успеа за многу кратко време да направи од рекреативци - први натпреварувачи во уметничко лизгање. Откако беше поставен вистински мраз и ни беа купени првите професионални лизгалки, желбата и мотивацијата да продолжиме и посветено да се занимаваме со овој спорт станаа поголеми и следуваа успешни настапи на меѓународни и домашни натпревари, ни вели Ангела.

Таа додава дека иако условите за лизгањето во Македонија не се добри сепак се обидува да даде се од себе. Во тоа и успева, а доказ за тоа се и освоените награди. Освен настапот во Загреб Ангела зад себе има и титула на двократен јуниорски шампион и неколкукратен вице-шампион на Македонија од младинска па се до сениорска категорија. Воедно го држи и рекордот на најмногу освоени поени од краток и слободен програм освоени на меѓународен натпревар воопшто за лизгач од Македонија. -За жал институциите и покрај сите апели не успеаа да го заградат лизгалиштето во СРЦ „Борис Трајковски", а за некоја поголема затворена арена на мраз воопшто нема интерес да се изгради. За време на сезоната имаме два тренинга на мраз секој ден, односно првиот започнува во 6.30, пред почетокот на часовите во училиште и факултет, и попладневни тренинзи после часовите. Воедно имаме и дополнителни часови по балет кои се клучни за држењето на телото кое треба да го пренесеме во кореографијата на мразот. Дополнително имаме и кондициски тренинзи и специјални тренинзи во сала со кои ја подигнуваме физичката подготвеност со цел подобра изведба на елементите во кореографиите, објаснува Ангела.

На младите луѓе таа им препорачува упорност при спортувањето. -Да се поседува талент е огромен дар, но само со талент не може да се постигнат поголеми успеси. Потребно е да се вложува огромен труд за постојано вежбање и усовршување, а воедно потребна е огромна посветеност и жртвување. Кога се занимаваш професионално со спорт, освен желбата да постигнеш врвен резултат и да успееш во она што го сакаш, со себе ја носиш и одговорноста да ја претставуваш и својата земја, а тоа за секој спортист е императив, потенцира Ангела.

## Желба да ја претставува Македонија на Олимпијада

-Еден од соништата ми е тука во Македонија да имаме лизгалиште кое ќе биде опремено по светски стандарди. Огромна желба и сон ми е да ја претставувам Македонија на уште многу меѓународни и светски натпревари, можеби и олимпијада. Но исто така желба и сон ми е да сум инспирација и мотивација на многу други млади деца да почнат да се занимаваат професионално со овој прекрасен спорт и да им помогнам да ги надминат и моите успеси, вели Ангела.

ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

## Земете примерок на „Македонско Ехо" на преку 200 локации низ Македонија

Почитувани,
весникот „МАКЕДОНСКО ЕХО" бесплатно ќе ве чека во четврток во повеќе населени места низ Македонија.
Еден дел од тиражот ќе се дели на плоштади и други прометни места, а ќе се остава и во поштенски сандачиња.
Сите заинтересирани читатели кои нема на таков начин да го добијат бесплатниот неделник, ќе можат да дојдат до него на преку 150 локации низ државата.

Испечатено во 45.000 тираж

ВЕСНИКОТ ПОБАРАЈТЕ ГО НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:

TINEX
МАРКЕТ ЗУР
Ранап
TAMARO
SPORT LIFE Живеј спортски!
Специјал 1989
МИН-ЕКС

И НА ДРУГИ ЛОКАЦИИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ - КАМИКАЗА

# Ме нервираат луѓе кои доцнат, а ме радува трчањето...



Музичарот Петар Георгиевски – Камиказа одговара на 10 прашања надвор од музиката, забавата...

**1. Три најсреќни моменти во животот?**
-Кога се родиле синот Кристијан, ќерката Кристина и сега очекуваното раѓање на внуката.

**2. Три работи кои се каете што сте ги направиле?**
- Тоа што сум толерирал луѓе кои не биле достојни за тоа, што сум дозволил да се здебелам на 110 килограми и што не сум запишал медицина.

**3. Тројцата Македонци од сегашноста со кои се гордеете?**
- Петре М. Андреевски, Радован Павловски и Димитар Масевски.

**4. Три работи кои Ве радуваат и три што Ве нервираат?**
- Радост: Планина, велосипед, трчање.
- Нервирање: Луѓе кои доцнат, што лажат и немаат став.

**5. Три предмети што најмногу Ве намачија како ученик?**
- Физика, хемија и математика.

**6. Три работи во кои сте добар, и три во кои не Ве бива?**
- Добар сум за: Музика, спорт и пишување.
- Не ме бива за: Лажење, крадење и да не го одржам зборот.

**7. Три места во Македонија што радо би ги посетиле?**
- Водно, Караџица, Шар Планина.

**8. Три најдобри книги, филмови и песни?**
- **Книги:** Трилогијата „Тајна докторина" од Хелена Блавацка.
**Филмови:** „Црно семе", „Трст виа Скопје" и „Марика лета со авион".
**Песни:** „Нена", „Оган под ѕвездите" и „Дирлада".

**9. Три омилени јадења?**
- Грав, риба, пудинг од чија.

**10. Три совети кои ги давате на другите?**
- Вообичаено советувам да се има мир, да се живее со и во љубовта и да се престојува на чист воздух.

## ИНФОРМАТОР

СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

6 април 20. 00 ч.
**Бесачи**
8 април 20.00 ч.
**Последната лента на крап**
9 април 20.00 ч.
**Бесачи**





11 април 20.00 ч.
**Бесачи**
13 април 20.00 ч.
**Станд уп на Сашко Коцев – Широк дијафазон**

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

5 април 20.00 ч.
**Лебедово езеро – Петар Илич Чајковски**
11 април 20.00 ч.
**Госпоѓиците од Авињон**

МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА

11 април 20.00 ч.
**Езотерија**

ДРАМСКИ ТЕАТАР

5 април 20.00 ч.
**Фирма**
6 април 20.00 ч.
**Кафез кај кокони**

ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ

5 април 19. 00 ч.
**Пипи долгиот чорап**
6 април 19.00 ч.
**Пепелашка**



11 април 19.00 ч.
**Убавицата и ѕверот**
12 април 19.00 ч.
**Волшебната флејта**
13 април 19.00 ч.
**Лажеш Мелита**



СИНЕПЛЕКС

4 април
**Monkey man,трилер**
**Улоги:** Дев Пател, Шарлито Коплеј

КИЧЕВО

7 април
**ПСД „Трансверзалец" – Искачување на Вели Врв**
08.10 часот: стартна точка село Подвис



# ЕУ да даде доказ дека сака Македонија да стане нејзина членка

Почнува изборната кампања, но ве молам вас од редакцијата на „Скопско Ехо“ да ја објавите мојата реакција која е за сосема друга тема. Мене нешто друго ме здоболе и изнервира. Дочекав и тоа, еден, евроамбасадор да не убедува дека многу не сака и дека не било вистина дека немале намера да не вклучат во ЕУ.

Дословно, вака некој си амбасадор Дејвид Гир ни кажа јавно: „Вообичаено е да се слушнат гласови на сирени кои велат дека оваа земја не може да и пристапи на Европската Унија дали затоа што Унијата не ја сака внатре или затоа што не е способна да биде дел од Европската Унија. Ниту едно од овие тврдења не е точно. Ние сакаме Северна Македонија да биде дел од Европската унија. Патот е практичен и многу лесно остварлив“.

Секој нормален од ова би се изнервирал. Две се причините за тоа. Прво, ЕУ со ништо не докажа дека сака да не прими во унијата и второ, воопшто не е лесен и остварлив патот кој ни кажаа дека треба да го изодиме. Кратко ќе образложам: 20 години ни поставуваат разни услови и ни ветуваат дека по нивно исполнување ќе станеме членка. Македонија ги исполни тешките и ненормални барања и пак ништо не доби. Само ова кога ќе го помислам не разбирам како амбасадорот не убедува дека сакале да влеземе во ЕУ. Друго, патот до ЕУ воопшто не е остварлив за нас, тој е лесен за нив амбасадорите и функционерите во Брисел, затоа што само треба да чекаат ние како народ да се самоукинеме. Ова му личи на лесен пат на амбасадорот ако барем малку помисли на нас кои треба да го изодиме?

Јавно го прашувам, дали може да наведе две работи кои би биле доказ дека ЕУ се однесува кон македонскиот народ исто како и кон другите народи кои станале нивни членки. И го молам да не ни наведува примери Фронтекс – Мронтекс го потпишале со јазикот... и слични работи. Има ли сега во ЕУ заведено народ и јазик под фуснота? Има ли членка на која и е кажано од Брисел дека друг од странство ќе и ја напише историјата? Тоа нека ни каже. Ако има, тогаш се извинувам и веднаш го прифаќам нивниот лесен пат кон ЕУ. Сосема во ред би било да даде и докази дека ЕУ навистина има намера да се проширува. Колку гледам некои соседни земји со нив преговараат една деценија и стојат во место.

За крај да појаснам, не сум против ЕУ. Со години верував во ЕУ и посакував што поскоро да бидеме во тоа друштво. Сега не му верувам на Брисел, но се уште посакувам членство, ама ако бидам почитувана, а не згазена. Воедно не сакам и да бидам мамена со ефтини финти – „Ние сакаме да бидете дел од ЕУ“, а тоа да е без доказ.

**Јована**

**Почитувани читатели,**
рубриката „Писма“ е наменета за ваши реакции и мислења по разни теми што ве засегаат. Обраќањата може да ги испраќате на нашите адреси: **ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје;** и на **skopskoeho@yahoo.com**
Дописите ќе се објавуваат во изданијата на весникот во зависност од просторот.



| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СЕЛО ВО ОПШТИНА ГОРЧЕ ПЕТРОВ, НЕДАЛЕКУ ОД СКОПЈЕ (ФОТОС) | СМЕСА ОД АЗБЕСТ И ЦЕМЕНТ ЗА ОБЛОЖУВАЊЕ НА ПОКРИВИ, САЛОНИТ | СУВА ГРАНКА, СУВАРКА (Р . А . Е Ц) | ГОРНИОТ ДЕЛ ОД ГЛАВАТА | ГРАД НА КАМЧАТКА (И . А) | ЕКС НБА КОШАРКАР СЕМ "ХЈУСТОН", "БОСТОН" | КОЗАЧКИ ПОГЛАВАР | НАЈДОБРА АКТЕРКА ОСКАР ЗА 2020 Г. ВО СПОРЕДНА УЛОГА | НЕПОСРЕДНА ДЕЛБА НА КЛЕТКИТЕ (МЕД.) |  | | | | | |
| НОРМАЛНА ЛИНИЈА, НОРМАЛА, ПЕРПЕНДИКУЛАРА (МАТ.) | | | | | | | | | | | | | | | |
| ТРАГА, БЕЛЕГ ОД ДОПИРАЊЕ ИЛИ НАТИСКАЊЕ | | | | | | | | | | | | | | | |
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ИТАЛИЈАНСКА АРТИСТКА | | | | | | | | | | | | | | | |
| НАШ ПИСАТЕЛ, РИСТО "ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА" | | | | | ЕКС ДАНСКИ ПОЛИТИЧАР СИГУРД / АЕРОДРОМ ВО МОСКВА | | | | | ВНИМАНИЕ (АРХ.) | ТЕОЛОШКО УЧЕЊЕ ЗА МИРОТ | ВОЛТ | ПЛ. МАСИВ, СЕ ПРОТЕГА НА ИСТОКОТ НА С.А.Д., АПАЛАЧКИ ПЛАНИНИ | СЛУЖБЕНИК НА ЦАРИНАРНИЦА |
| ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ, ЖОРЖ | | | | ЕКС СРП. КОШАРКАР "САКРАМЕНТО" / КРАЈ НА МУЗ. ДЕЛО | | | | | | | | | | | |
| ИМЕТО НА СРПСКИОТ СЛИКАР ВИЦАНОВИЌ | | | | | | АРАПСКО М. ИМЕ / БРОДВЕЈ. ТАНЧАР И АКТЕР, ФРЕД | | | | | | ПОЛ АДАМС / ГРАД НА ИСТОИМЕН ОСТРОВ ВО ЦЕЛЕБЕСКО МОРЕ | | | |
| ОЛАФ ТОН | | | ЛАТИНСКА ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА (. У А) / ПРЕСТОЛ | | | | МОДЕЛАР КОЈ ШТО ИЗРАБОТУВА РАКЕТИ / ТРАГЕДИЈА ОД ЕВРИПИД | | | | | | | | |
| | ДЕЛ ОД ТЕНИСКА ИГРА | ОТРОВ / ЕКС ХОЛАНД. ШАХ.-ВЕЛЕМАЈСТОР, МАКС | | | | | | | ДЕЛО ОД ТАЦИТ / ГРАДАЦИЈА НА МОТОРНОТО МАСЛО | | | | | | |
| СТАРО ГЕРМАНСКО ОРУЖЈЕ | | | | РЕЖИСЕРОТ ПРЕМИНГЕР / ЛАНА ТАРНЕР | | | | ДАЛМАТИНСКО М. ИМЕ, СТИПЕ / ТОНИ МЕОЛА | | | | | | | |
| ВИД ГЕОМЕТРИСКА КРИВА ЛИНИЈА (МАТ.) | | | | | | | | | | ПЛЕМЕ ВО ЦРНА ГОРА, НА АЛБАНСКАТА ГРАНИЦА / ТОНА | | | | | |
| СТРУЧЕН СОВЕТНИК, НАСТАВНИК, ЛИЧНОСТ СО ИСКУСТВО | | | | | | | БОЈА СО МЕТАЛЕН ОТСЈАЈ | | | | | | | | |

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5 | | | | 9 | | 6 |
| 6 | | | 4 | | | 8 | 5 | |
| | 7 | 8 | | 1 | 6 | | 2 | |
| | | | 1 | | 5 | | 9 | 2 |
| | 5 | 2 | | | | 7 | 3 | |
| 8 | 6 | | 2 | | 7 | | | |
| | 8 | | 7 | 2 | | 1 | 6 | |
| | 9 | 1 | | | 3 | | | 5 |
| 2 | | 6 | | | | 4 | | |

## ХУМОР

Цветко го прашува Трпе: – Зошто раскинавте со Трпана? – Брат ја осетив нешто ми врти муабет деца семејство ова она... – Што ти рече? – Ај да нарачаме фамилијарна пица!

***

Трпе влегува во аптека:
– Сакам да си купам антидепресанти!
– Рецепта имате ли?
– Со Македонска лична карта, не може?

***

Цветко го прашува Трпе: – Како ти успеа да ги оставиш цигарите? – Решив да пушам само после секс. – И? – Еве помина една година откако ги оставив!

***

Порано и с'г: Баба и Дедо: Запознавање, прв пољубац, свадба, секс.. Мама и Тато: Запознавање, прв пољубац, секс, свадба.. Д'нска: Пољубац, секс, пољубац, секс, запознавање.

***

Се прибира некој дома, ја наоѓа жената со љубовникот и му се пушта да го тепа.
Љубовникот бегајќи околу лежајот му вели:
-А бе јас си ја оставив мојата работа за да ја завршам твојата, а ти ќе ме тепаш...

7

ДВИЖЕЊЕ
ЗНАМ
ЗА НАША МАКЕДОНИЈА
www.dvizenjeznam.org.mk



# МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

## МАКСИМУМ ЗА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама, нарачател ЗНАМ